ОПШТИНА ШТИП
КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ШТИП



СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

штип, 2016

СОВРЕМЕНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

-СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ-

зборник на трудови

2016, ШТИП

ОПШТИНА ШТИП
КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

СОВРЕМЕНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

-состојби, предизвици и перспективи-

2016, Штип

MUNICIPALITY OF STIP

COMMITTEE ON EDUCATION, COUNCIL OF THE MUNICIPALITY OF STIP

FACULTY OF EDUCATIONAL SCIENCES

CONDITIONS, CHALLENGES AND PERSPECTIVES IN EDUCATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

2016, STIP

Издава
НУ-УБ „Гоце Делчев“ Штип

За издавачот
Милена Ристова-Михајловска

Организационен одбор
Снежана Мирасчиева–претседател

Членови
Соња Петровска, Емилија Петрова Ѓорѓева, Никола Смилков, Снежана Јованова Митковска, Даниела Коцева, Весна Ничева, Елена Ташкова, Јовче Арсов, Соња Николова, Атанас Крстовски, Цветанка Красиќ, Снежана Санева, Илија Митров, Трајан Коцев, Данче Николовска Вратеовска, Димитар Љуботенски, Зоран Костовски, Вања Џамбазова Николовска, Јане Миланов, Маја Ашкилова, Јордан Митков, Ирена Китанова, Верица Јосимовска, Оливер Цацков

главен и одговорен уредник
Снежана Мирасчиева

уредник
Соња Петровска

уредувачки одбор
Снежана Мирасчиева (Македонија), Димитар Димитров (Бугарија), Младен Вилотијевиќ (Србија), Нина Биједиќ (Босна и Херцеговина), Лилјана Тодорова (Бугарија), Татјана Атанасова Пачемска (Македонија), Кристинка Селаковиќ (Србија), Јосип Милат (Хрватска), Емилија Петрова Ѓорѓева (Македонија), Трајан Попкочев (Бугарија), Крстивоје Шпијуновиќ (Србија)

јазична редакција на македонски јазик
Весна Ристова

лектура на англиски јазик
Снежана Кирова

дизајн на корица
Никола Смилков

техничка поддршка
Верица Јосимовска

печати
Полиестердеј -исток, Штип
Тираж 500

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37(082)

СОВРЕМЕНОТО воспитание и образование : состојби, предизвици и перспективи : зборник на трудови / [главен и одговорен уредник Снежана Мирасчиева]. - Штип : НУ Универзитетска библиотека "Гоце Делчев", 2016. - стр.148 : илустр.53; 30 см

На наспор. насл. стр.: Conditions, challenges and perspectives in education in the Republic of Macedonia. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите. - Abstract

ISBN 978-608-242-037-0
1. Ств. насл. на наспор. насл. стр.
а) Образование - Зборници
COBISS.MK-ID 102297098

СОДРЖИНА

Предговор.....10

1. Марина Алексовска, Виолета Стошевска, Лидија Николовска – Георгиевска
Растеме заедно
Marina Aleksovska, Violeta Stosevska, Lidija Nikolovska-Georgievska
We grow together.....11

2. Билјана Ефтимова Бошкова, Деспина Сивевска
Природната околина како средина за учење на децата од предучилишна возраст
Biljana Eftimova Boskova, Despina Sivevska
Natural environment as a learning environment of preschool children.....13

3. Емилија Петрова Ѓорѓева
Карактеристики на современото училиште во контекст на воспитната компонента
Emilija Petrova Gjorgjeva
Characteristics of modern school in the context of the educational component.....19

4. Валентина Петрушева
Естетското – важен аспект на современото образование и воспитание
Valentina Petruseva
Aesthetic – an important aspect of the contemporary education and upbringing 22

5. Габриела Димова
Здравствената едукација на родителите - тенденција на образованието денес
Gabriela Dimova
Health education of parents - tendency of education today 26

6. Снежана Јованова-Митковска
Техники на учење во високошколската настава
Snezana Jovanova- Mitkovska
Technique of learning at the academic teaching……..……..... 30

7. Снежана Мирасчиева
Современа настава за современо образование
Snezana Mirascieva
Modern teaching for modern education ..……..…….....……... 35

8. Верица Јосимовска
Застапеноста на интеркултуралните вредности во системот на современото образование и воспитание
Verica Josimovska
The presence of intercultural values in system contemporary education……..... 38

9. Милена Ристова-Михајловска
Жанрот полемики во старата писмена традиција и неговата актуелност во современиот образовен процес
Milena Ristova-Mihajlovska
The genre polemics in the old written tradition and its relevance in the modern educational process …….....……..... 41

10. Павлина Николовска, Нада Ѓоргова, Влатко Николовски

Специфични развојни потешкотии кај децата како проблем во современото образование
Pavlina Nikolovska, Nada Gjorgova, Vlatko Nikolovski
Specific developmentaldisorders in children as a problem in modern education……..... 49

11. Славица Танева Анева
Инклузијата во образованието, позитивните и негативните страни од аспект на општеството со посебен осврт на ученици со аутизам
Slavica Taneva Aneva
Inclusion in education, advantages and disadvantages with respect of society with special reference to students with autism ...……..……..... 55

12. Даниела Коцева
Меѓуетничките односи во образовниот систем
Daniela Koceva
Interethnic relations in the educational system……..... 58

13. Стојко Стојков
Изучувањето на македонската национална историја во бугарските училишта
Stojko Stojkov
The study of Macedonian national history in Bulgarian schools ……..……. 63

14. Снежана Јованова-Митковска
Социометриски истражувања-потреба, значење
Snezana Jovanoa-Mitkovska
Sociometric research - necessity, importance ..……...……..... 67

15. Елена Мирасчиева
Методот на демонстрација во индивидуалната настава по флејта
Elena Mirascieva
Method of demonstration in individual teaching of fluite ……...…… 73

16. Оливер Цацков
Учењето по пат на откривање незаменлива компонента во наставата по историја
Oliver Cackov
Learning by exploring - irreplaceable component in the teaching of history……..... 76

17. Драгана Кузмановска, Снежана Кирова, Биљана Иванова
Интернационалниот карактер на народните пословици и поговорки
Dragana Kuzmanovska, Snezana Kirova, Biljana Ivanova
International character of sayings and proverbs ……..... 79

18. Марија Тодорова, Татјана Уланска
Рано изучување на странски јазик
Marija Todorova, Tatjana Ulanska
Early language acquisition 83

19. Лилјана Макаријоска, Жаклина Ѓорѓиоска
Кон реализацијата на областа дијалектологија во гимназиското образование
Liljana Makarijoska, Zaklina Gjorgjioska
Towards the implementation of the area of dialectology in high school education …...…… 87

20. Деспина Сивевска
Средствата за масовна комуникација и слободното време на децата и младите
Despina Sivevska
Means of mass communication and leisure time of children and youth……..... 92

21. Киро Јорданов
Градиме мостови преку МИО активности
Kiro Jordanov
Building bridges through MIE's activities 97

22. Веска Влахова
Педагошкиот пристап во образовниот процес на субјектот – наставник во корелација со субјектот ученик
Veska Vlahova
Pedagogical approach in the educational process of the subject – teacher in relation to the subject – student ……..... 105

23. Билјана Алексова Даневска
Техники за градење на самодоверба кај децата во ран детски развој од одделенска настава во наставата по англиски јазик
Biljana Aleksova Danevska
Techniques for building confidence in children in early child development in lower grades in teaching english language ……...……. 109

24. Киро Јорданов, Драгица Петрова, Загорка Чапова
Дигитална зависност кај учениците
Kiro Jordanov, Dragica Petrova, Zagorka Chapova
Digital addiction of students …….……. 115

25. Славица Стојанова, Трајче Стојанов
Образованието како место за изградба на добар граѓанин
Slavica Stojanova, Trajce Stojanov
Education as a place for building a good citizen 124

26. Снежана Ставрева Веселинова, Трајче Стојанов
Од екоетика до екосвест
Snezana Stavreva Veselinova, Trajce Stojanov
From eco-ethics to eco-awareness 128

27. Снежана Мојсоска, Данче Николовска Вратеовска
Економскиот раст и знаењето за банкарските наспроти пазарните финансиски системи
Snezana Mojsoska, Danche Nikolovska Vrateovska
The economic growth and the knowledge about banking versus market financial systems ...…….....……..... 131

28. Слаѓана Костадиновска, Данче Николовска Вратеовска, Миле Вратеовски
Функциите на менаџментот на човечки ресурси и банкарските институции
Slagjana Kostadinovska, Danche Nikolovska Vrateovska, Mile Vrateovski
Functions of the management of human resources and the banking institutions……..... 136

29. Данче Николовска Вратеовска
Наученото од глобалната економска криза (2008) за силните и слабите страни на финансискиот систем и макроекономската стабилност во македонија
Dance Nikolovska Vrateovska
The learned of the global economic crisis (2008) about the strenghts and the weaknesses of the financial system and macroeconomic stability in Macedonia……..... 140

30. Данче Николовска Вратеовска
Детерминантите на инфлацијата низ различните макроекономски школи
Dance Nikolovska Vrateovska
Detreminants of the inflation through the various macroeconomic schools 145

УДК 336.748.12:330.8]:303.72(497.7)
(прегледен труд)

ДЕТЕРМИНАНТИТЕ НА ИНФЛАЦИЈАТА НИЗ РАЗЛИЧНИТЕ МАКРОЕКОНОМСКИ ШКОЛИ

Данче Николовска Вратеовска
Совет на општина Штип

Апстракт: *Одржувањето на ниска и стабилна инфлација е основен предуслов за одржлив економски раст. Постои генерален консензус кај макроекономските школи и нивните приврзаници дека високите стапки на инфлација имаат негативно влијание врз економиите. Континуирано оддржување на стабилно и ниско ценовно ниво создава поповолен макроекономски амбиент за инвестирање и за долгорочно одржлив економски развој. За Р. Македонија, оддржувањето на ценовната стабилност претставува исполнување на еден од Мастришките критериуми за конвергенција - предуслов за влез во Европската унија. Токму затоа, целта на овој труд е преку историски-компаративната анализа и методите на индукција и дедукција да ги нотира основните инфлациони детерминанти низ призмата на различните макроекономски доктрини, со посебен фокус* на Р. Македонија.

Клучни зборови*: ценовно ниво, одржлив економски раст, макроекономски амбиент, конвергенција.*

DETERMINANTS OF INFLATION IN VARIOUS MACROECONOMIC SCHOOLS

Dance Nikolovska Vrateovska
Local Government- Shtip

Abstract*: The maintaining of a low and stable inflation is essential for sustainable economic growth. There is general consensus among macroeconomic schools and their supporters that high inflation rates have a negative impact on economies. Continuous maintenance of stable and low price level creates a more favorable macroeconomic*

environment for the investments and for the long-term sustainable economic development. For R. of Macedonia, the maintenance of price stability is the fulfillment of one of the Maastricht criteria - a precondition for its entry into the European Union. Therefore, the purpose of this paper is through historical-comparative analysis and methods of induction and deduction to note inflationary main determinants in the light of various macroeconomic doctrines, with special focus on Macedonia.
***Keywords**: price level, sustainable economic growth, macroeconomic environment, convergence.*

Вовед

Основните индикатори според кои се мери макроекономската стабилност во секоја економија се растот на БДП, стапката на невработеност, рамнотежата во платниот биланс и стапката на инфлација во дадената економија. Токму затоа инфлацијата е предмет на истражување и сфера на интерес во сите макроекономски школи. Ретроспективната анализа за начинот на дефинирање на инфлацијата како и за определување на нејзините основни дереминанти, покажува дека различните макроекономски доктрини имаат и различни пристапи во овој дел. Некои мислители инфлацијата ја дефинираат како пораст на општото ниво на цените, кое е еквивалентно на континуираното паѓање на вредноста на парите (Bronfenbrenner и Holzman 1965, Vane и Thompson 1979). Други како Flemming (1976) ја дефинираат инфлација како промена на стапката на општото ниво на цените во економијата.

Инфлацијата како монетарен феномен

Ставот на призврзаниците на *монетаристичката доктрина* Milton Friedman и Schwartz во 1970 година, е дека „инфлацијата е секогаш и насекаде монетарен феномен“. Според монетаристите (Brunner, Cagan, Meltzer и др.), инфлацијата е монетарен феномен т.е. состојба која се јавува тогаш кога централната банка ја зголемува понудата на пари многу повеќе, во однос на побарувачката на пари. Причини за зголемениот пораст на парична маса можат да бидат монетарно финансирање на фискалниот дефицит и/или кредитните бумови (претераното зголемување на кредитен пласман) во приватниот сектор; и притоа краткорочен одговор, со цел враќање во рамнотежната состојба ќе се постигне со спроведување на рестриктивна монетарна политика. Анализирано низ призма на IS-LM-моделот за макроекономска рамнотежа, монетраните власти може да индуцираат повремена или постојана инфлација со повремена или постојана прекумерна монетарна експанзија. Исто така, зголемувањето на побарувачката како последица од инвестициски бум и експанзивна фискална политика т.е. инфлаторни финансирања на буџетскиот дефицит со обврзници ќе влијае на раст на нивото цените во економијата (Dornbusch и Fischer, 1993). Паричната маса претставува егзогена варијабла и е под контрола на монетарните власти. Симплифицирано, монетаристичкиот модел ја детерминира инфлацијата (P) со следнава равенка:

$$P= k +M - \beta Y+\delta C$$

каде што M е стапката на раст на понудата на пари, Y е стапката на раст на реалниот доход, C е стапка на опортунитетниот трошок за држење пари а k е промената на брзината на пари во оптек.

Кензијанците и критиката на монетаристичките тези

Keynes (1936) тврди дека парите немаат значајна позврзаност со инфлацијата и дека инфлацијата е резултат на пазарот на добра. *Неокејнзијанците* (Stiglitz, Solow, Krugman и др.) како и другите критичари на монетаризмот ја подвлекуваат директната поврзаност помеѓу побарувачката за пари со понудата и сметаат дека побарувачката за пари не може да се предвиди. Blinder (2002), како основна детерминанта на инфлацијата ја нотира агрегатната побарувачка во економијата, а не понудата на пари. Според кејнзијанците, природното ниво на бруто-домашниот производ е нивото на БДП каде економијата е на оптимално ниво на производство. Доколку растот на БДП се зголемува над неговото природно ниво, инфлацијата ќе се забрзува затоа што производителите ги зголемуваат своите цени. Ако БДП се намалува под неговото природно ниво, инфлацијата ќе забавува бидејќи производителите ќе ја зголемуваат искористеноста на производните капацитети со намалување на цените. Инфлацијата може да биде иницирана од зголемувањето на агрегатната побарувачка (demand-pull инфлација) или намалување на агрегатната понуда (cost-push инфлација) најчесто поради зголемените производствени трошоци. Greene (1989) укажува дека во економиите во развој, инфлацијата ја предизвикаат егзогени шокови што ги зголемуваат производните трошоци и понудата на пари како: неочекуваниот пораст на увозот, поголемото зголемување на платите од цените и неочекуваното зголемување на фискалниот дефицит или други фактори што ги зголемуваат трошоците. Според посткејнзијанците, во ваков случај монетарната политика нема влијание врз зауздувањето на инфлацијата: единствено контролата на платите и на цените ќе биде во таа функција. Критиката на

нео-класичарите (Lucas, 1976) за кејнзијанската теорија е занована врз хипотезата дека и монетарната и фискалната политика како макроекономски инструменти се немоќни, кога се во прашања рационалните очекувања на економските агенти. На ова пак кејнзијанците одговараат дека критиката важи само доколку се однесува на економијата во рамнотежа со целосна вработеност. Но поради ригидноста на цените и постоењето на временски јазови од моментот на спроведување на политиките па до моментот на нивно ефектуирање, можни се различни рамнотежи на краток рок. Според Pigou (1949), инфлацијата постои, кога паричните приходи се зголемуваат повеќе од капацитетот на заработувачката. Agenor и Montiel (1996) укажуваат дека девизниот курс може да има краткорочно влијание врз инфлацијата во малите и отворени земји во развој. Депресијацијата на девизниот курс директно влијае врз цените (изразени во домашна валута) на разменливите добра, но индиректно влијае и на нивото на цени и преку зголемените цени на репорматеријалите на увезените инпути, кои се користат во домашното приозводство. Покрај тоа, ако постои и индексација на номиналните плати, депресијацијата ќе повлече и нивен раст. Приврзаниците на *ортодоксната мисла* ги детектираат структурни препреки во земјите во развој, но за разлика од структуралистите, не ги сметаат за основни детерминанти на инфлацијата. *Структуралистите* пак, како Kirkpatrick и Nixson (1987) ги дефинираат структурните - базични инфлациски влијанија, но и трансмисионите канали на таквите влијанија и тврдат дека факторите кои ортодоксната мисла ги смета за генератори на инфлацијата, се всушност симптоми на структурни ригидности во земјите во развој. Според нив инфлаторното финансирање на буџетскиот дефицит е рефлексија на борбата за делба на ресурсите помеѓу јавниот и приватниот сектор.

За инфлацијата во Р. Македонија

Стапката на инфлација во македонската економија во интервалот од 1997 до 2012 година, генерално е ниска и стабилна и во просек изнесува 2,5%. Нагорните отстапувања во 2000 и 2001 година се должат на воведувањето на ДДВ, раст на цената на енергијата и нафтата, растот на цените на житните производи и неповолните временски услови, како и политичкиот конфликт. Нагорните отстапувања во 2008 година на базичната инфлација се разултаната на растот на светските цени на нафтата, храната и суровините, како и растот на домашната агрегатна побарувачка. Во интервалот од 2009 до 2012 година, стапката на инфлација се стабилизира, а во 2009 година е регистрирана е и стапка на дефлација.

Табела бр. 1: Стапки на инфлација и учество на компоненти (во %) од 1997 до 2012



Извор: Државен завод за статистика

Во рамки на истражувачкиот опуст за инфлационите детерминанти во Р. Македонија ќе го издвоиме Петрески М. (2007) кој во неговата студија подвлекува дека најважна варијабла е девизниот курс. Според него, фиксниот девизен курс ја заштитил земјата за 18% годишно пониска инфлација во однос ако тоа би била некоја негова пофлексибилна варијанта. Останати објаснувачки варијабли на инфлацијата се М2, брзината на парите, каматните стапки, трговска отвореност, производството и нивото на цените во претходните два месеци. Shamloo (2011) во својот труд укажува на силна коинтеграција помеѓу домашната инфлација, каматните стапки, номиналниот ефективен девизен курс, производството и инфлацијата во еврозоната. Тој го потенцира сигнификантниот пренос на странските цени од (коинтеграција со цените од еврозоната) и посочува постоење на делумна

автономија на монетарната политика (коинтеграција со каматните стапки) а како резултат на несовршената мобилност на капиталот. При тоа, монетарните власти имаат единствена официјална цел: одржување на вредноста на девизниот курс, користејќи ги каматните стапки како инструмент во моментите кога не постои притисок врз девизните резерви. Исто така, Shamloo подвлекува дека објавувањето на намерите на централната банка влијаат врз инфлациските очекувања и дека притоа, рационалните очекувања се силен трансмисионен механизам што, од друга зборува за кредибилитетот што го ужива Народна банка на Р. Македонија. Наумовска (2000) во своето истражување докажува дека во земјава најсилно е влијанието на девизниот курс врз промените на цените на краток рок и тоа споредбено со корелациите на цените со растот на паричната маса и нивото на каматните стапки. Петревски Г. (2005) во својата студија посочува различни причинители на инфлацијата во периодот на висока инфлација (од 1992 до 1995 година) и во постстабилизациониот период (од 1996 до 2003 година). Во првиот период на анализа, инфлацијата на кус рок е резултанта од номиналните шокови: порастот на платите и номиналната депресијација на денарот. Во вториот анализиран период (1996-2003), номиналните варијабли го губат влијанието во генерирањето на инфлацијата, а најсилен инфлациски притисок има промената на релативните цени т.е. промените на цените на мал број производи (кои се предизвикани од шоковите на страната на понудата или периодичните промени на администрираните цени). Рамадани, (2012) преку спроведената анализа за факторите на генерирање на инфлацијата во Р. Македонија, ја потврдува долгорочна врска помеѓу потрошувачките цени со паричната маса М1, номиналниот ефективен девизен курс и реалниот доход. Тој докажува дека растот на паричната маса М1 и депресијацијата на номиналниот ефективен девизен курс позитивно влијаат на цените на долг рок, додека долгорочната врска на цените со реалниот доход е негативна. Од друга страна, авторот коефициентите на номиналните нето-плати, продуктивноста на трудот, трошоците за труд по единица производ и странските ефективни цени ги наоѓа незначајни или утврдува дека го немале очекуваниот знак во коинтеграциската врска со цените.

Наместо заклучок: за најновите - хибридни модели за детерминантите на инфлацијата

Најновите научни истражувања за инфлацијата и нејзините детерминанти укажуваат дека елементарен недостаток во монетаристичките равенства е отсуството на структурните и/или cost-push детерминантите кои ја определуваат инфлацијата. Монетаристите сметаат дека користењето на релаксираната монетарна политика како инструмент во функција на арбитрирање на економските падови и рецесии предизвикува инфлаторен притисок врз ценовното ниво. Од друга страна cost-push инфлацијата која не е присутна во монетаристичките модели, е потенцијален проблем во повеќето мали и отворени економии во развој: на пример, имаме увезена инфлација (ценовна конверегенција со странство) кога зголемувањето на странските цени се пренесува и на домашните цени, било да станува збор за увезувани ресурси за производство или пак за увоз на финални добра. Исто така голем дел од истражувањата со монетристичко-структуралистички елементи (Aghevli и Khan, 1978; Agenor и Montiel, 1996; Ross, 2000; Tsalinski и Kyle, 2000) освен монетарните агрегати во анализите ги вклучуваат и фискалниот дефицит, нивото на платите, промените на девизниот курс, инфлацијата по инерција, скриената инфлација и нивната корелација со нивото на цените. Во случајот на Р. Македонија, земјава во поголемиот дел од изминатиот период забележала стабилна и ниска инфлација. Основно макроекономско сидро и понатаму останува оддржувањето на фиксен девизен курс, а монетарната политика има само делумен простор за маневрирање преку политиката на каматни стапки и тоа единствено во услови на отсуство на притисок врз девизните резерви во земјава.

Литература:

- Државен завод за статистика на Република Македонија, www.stat.gov.mk
- Народна банка на Република Македонија, www.nbrm.gov.mk
- Наумовска, А. (2000). *Трансмисиониот механизам на монетарната политика и ефикасноста на банкарскиот систем – со со посебен осврт на Република Македонија*, НБРМ
- Николовска Вратеовска, Д. *(2015). Влијанието на финансиските пазари и институции врз макроекономската и финансиската стабилност во случајот на Р. Македонија,* НУУБ „Гоце Делчев“ Штип
- Петревски, Г. (2005). *Монетарна политика: Теорија и искуството на Македонија.* Скопје: Здружение за социо-економски развој

- Рамадани, J. (2012). *Детерминанти на инфлацијата во транзиционите економии: случајот на Р. Македонија*, магистерски труд, Економски факултет, УКИМ, Скопје
- Agenor, P. R. and Montiel, P.J. (1996). *Development Macroeconomics.* Princeton, New Jersey: Princeton University Press
- Aghevli, B.B. and Khan, M.S. (1978). "Government deficits and the inflationary process in developing countries". *IMF Staff Papers*
- Blinder, Alan S. (2002). ,,Keynesian Economics,, *The Concise Encyclopedia of Economics* 10.Bronfenbrenner, M. and Holzman, F. D. (1965), |A Survey Of Inflation Theory" *Surveys of Economic Theory* (Vol. I). *New York: St Martin's Press*
- Dornbusch, R. and Reynoso, A. (1993). "Financial factors in economic development". *Policymaking in the Open Economy, New York: Oxford University Press*
- Flemming, J. S. (1976). *Inflation*. Oxford: Oxford University press
- Friedman, M. and Schwartz, A. J. (1970). *Monetary Statistics in the U.S. Estimates, Sources, Method.* New York: National Bureau of Economic Research (NBER)
- Greene, J. (1989). "Inflation in African countries: General issues and effects on the financial sector". IMF Working Paper WP/89/86. Washington, D.C.: International Monetary Fund
- Keynes, John M. (1936). *The General Theory of Employment, Interest, and Money.* Macmillan, London
- Kirkpatrick, C. and Nixson, F. (1987). "Inflation and stabilisation policy in LDCs". In N. Gemmell, ed., *Surveys in Development Economics*. Oxford
- Lucas, R. (1976). ,,Macroeconomic policy Evaluation: A Critique, in the Phillips Curve and Labor Markets,, *presented at the Carnegie-Rochester Conference Series on Public Policy*, Amsterdam
- Pigou, A. C. (1949). *The veil of money.* London: Macmillan
- Ross, K. (2000), "Post Stabilisation Inflation Dynamics in Slovenia". *Applied Economics*
- Shamloo, M. (2011). "Inflation Dynamics in FYR Macedonia", *IMF Working Papers WP/11/287*
- Tsalinski, T. and Kyle, S. (2000). *Determinants of Inflation in the Bulgarian Economy.* Cambridge: Harvard Institute for International Development